Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020

Извадок на дел од дневни настани 09.12.2020

На 08.12.2020 во 12.00 часот на подрачје на Карпош од полициски службеници од СВР Скопје од слобода е лишен Р.В.(22) од Скопје, бидејќи кај истиот е пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.12.2020 во 05.40 часот на магистралниот пат од с.Подмоље кон Охрид во близина на бензинска пумпа се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „ауди" со струшки регистарски ознаки, управувано од Д.П.(33) од Струга, патничко моторно возило„фолксваген" со охридски регистарски ознаки управувано од Д.Љ.(54) од Охрид и патничко моторно возило„рено-лагуна" со охридски регистарски ознаки, управувано од И.Л.(39) од с.Оровник,охридско. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил Д.П., а додека со повреди се здобиле Д.Љ., И.Л. и сопатникот во патничко моторно возило„рено-лагуна", Н.Ј.(22) од с.Лескоец,охридско. Сите учесници во незгодата се пренесени во болницата„Св.Еразмо" и во Општа болница Охрид, за укажување на лекарска помош. За незгодата е известен јавен обвинител, а увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Охрид.

На 08.12.2020 во 19,10 часот во Скопје на ул.„Радишанска", патничко моторно возило „мерцедес" со скопски регистарски ознаки управувано од З.Д.(51) удрило во пешак Б.С.(53), и двајцата од Скопје. Со возило на итна медицинска помош Б.С. е пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза", каде му се констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 08.12.2020 од 09.00 до 18.00 часот, на подрачјето на СВР Тетово спроведена е сообраќајна акциска контрола за престигнување, во која вкупно биле откриени и санкционирани 81 прекршок (ТЕ-33 и ГВ-48). Најголемиот број од прекршоците - 53 се однесувале на престигнување на непрегледни места (ТЕ-11 и ГВ-42).Покрај ова, во акцијата биле констатирани и 26 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-25 и ГВ-1), најмногу управување без возачка дозвола -10,истечена регистрација-3 и така натаму.На сите прекршители изготвени им се законски предвидените поднесоци.

На 08.12.2020 год. на подрачјето на СВР Велес спроведена е акциска контрола на возачи кои вршат неправилно престигнување на други возила, при што, биле констатирани и санкционирани 17 прекршоци, од кои девет во Велес, четири во Кавадарци и четири во Неготино.

На 08.12.2020 на подрачјето на Секторот за внатрепни работи Струмица била спроведена акциска контрола за откривање на прекршок неправилно престигнување и обиколување. Во акциската контрола биле констатирани 125 прекршоци, од кои 21 по акциската контрола и 104 останати прекршоци, кои се соодветно санкционирани.

На 08.12.2020 во СВР Штип спроведе акциска контрола на возачи кои вршат непрописно престигнување на возила. Притоа преземени биле петнаесет мерки. Санкционирани биле и 101 останати прекршоци.

На 08.12.2020 на место викано „Мечкин рид" атар на с.Мачево, беровско, полициски службеници од Надворешната канцеларија за криминалистички работи Берово постапувајќи по план за откривање на кривично дело „незаконит лов", во патничко моторно возило „опел фронтера" со бугарски национални ознаки, управувано од М.В. од с.Чифлик, кај сопатникот во возилото Д.В.(31) од с. Мачево пронашле и одзеле ловечка пушка, марка „ТОЗ 66", калибар 12 мм и еден реденик со осум патрони калибар 12 мм за кои не поседувал дозвола. По комплетирање на случајот против Д.В. ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ј.А.(53) и Е.А.(49) двајцата од Скопје, поради постоење основано сомнение за сторени кривични дела „тешка кражба". Пријавените, кривичните дела ги сториле на 20/21.01.2020 и 11.12.2020, кога од објекти во Тетово одзеле разни предмети и се стекнале со противправна имотна корист од околу 120.000 денари.
На 08.12.2020 во 07.12 часот во СВР Скопје, Ѓ.З., вработен во Македонски Железници пријавил дека на железничката станица „Скопје Север", едно лице го запалило државното знаме кое било на јарболот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.12.2020 во 12.00 часот во Полициска станица Центар, А.Ѓ.(41) пријавил дека, на 07.12.2020 околу 03.00 часот додека бил на своето работно место како обезбедување во казино на улица "Народен фронт", настанала расправија помеѓу пријавителот и Н.И. По расправијата двете лица влегле во патничко моторно возило "алфа ромео" со скопски регистарски ознаки сопственост на А.Ѓ. и заминале на улица "Питу Гули" каде настанала физичка пресметка меѓу двете лица, при што Н.И. со остар предмет му нанел повреди на А.Ѓ. и со возилото го напуштил местото на настанот. На пријавителот му е укажана лекарска помош во Клинички центар "Мајка Тереза". Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.12.2020 во 16,40 часот во угостителски објект во Скопје од полициски службеници од СВР Скопје лишен од слобода е Р.А.(43) од Долно Свиларе, и при преглед кај него пронајдени и одземени се пари за кои постои основано сомнение дека се предмет на кривично дело„измама". Се работи на расчистување на случајот.

На 09.12.2020 во 03.45 часот во с.Панчарево, делчевско, полициски службеници го лишиле од слобода Д.Д.(36), по претходно добиена пријава во Полициската станица Делчево во 00.25 часот дека тој со остар предмет го нападнал Т.Ѓ во с.Тработивиште, делчевско. Според пријавеното, на 08.12.2020 околу 22.30 часот пред куќа во с.Тработивиште Т.Ѓ. бил нападнат со остар предмет од Д.Д. од с.Панчарево. Увид на местото извршиле полициски службеници од ОВР Делчево. Се работи на комплетирање на случајот по што против Д.Д. ќе биде поднесена соодветна пријава.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет